# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 27 Февруари 2026 година Скопје Бр.2 Год. XXI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Одлука за доделување на користење на деловен простор во Општинското основно училиште „Димитар Поп Георгиев Беровски“ за вршење на дејноста на центарот за поддршка на ученици со попреченост ....стр.2
2. Одлука за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука и поглагање на возачки испит од Б категорија ....стр.5
3. Одлука за објавување на јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности предвидени со годишната Програма за култура за 2026 година ....стр.7
4. Одлука за давање согласност за потпишување на Изјава ....стр.12
5. Одлука за определување на приоритети финансирани преку Европска инвестициона банка во рамките на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Македонија ....стр.14
6. Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на договори за Грант ....стр.16
7. Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров ....стр.19
8. Одлука за донесување на Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 - Домување во куќи во опфатот на Општ акт за село Волково, Општина Ѓорче Петров ....стр.22

9. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.22 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 ....стр.25
10. Одлука за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Ново Село, блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров ....стр.28
11. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програма за одбележување настани на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ....стр.33
12. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програма на Општина Ѓорче Петров во остварување на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година ....стр.44
13. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2025 година ....стр.61
14. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор за 2025 година ....стр.76
15. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата од областа на основното образование на општина Ѓорче Петров за 2025 година ....стр.92
16. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програма на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година ....стр.106
17. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“, Програмата за комунални дејности, Програма за локални патишта, сервисни и станбени улици и Програмата за изградба и одржување на јавни објекти за 2025 година ....стр.115
18. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита на животна средина и природата за периодот на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ....стр.149
19. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за Локален економски развој, Програмата за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на Општина ѓорче Петров за 2025 година и Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ....стр.154
20. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за одржување и развој на јавното осветлување за 2025 година ....стр.168
21. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота и јавни работи на територија на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ....стр.173
22. Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2025 година ....стр.178
23. Одлука за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV (четврти) квартал од 2025 година ....стр.185

**Февруари 2026 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за доделување на користење на деловен простор во Општинското основно училиште „Димитар Поп Георгиев Беровски“ за вршење на дејноста на центарот за поддршка на ученици со попреченост**

Се објавува одлуката за доделување на користење на деловен простор во Општинското основно училиште „Димитар Поп Георгиев Беровски“ за вршење на дејноста на центарот за поддршка на ученици со попреченост, за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

Број 02-438/1
од 27.02.2026 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
Александар Стојкоски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.08/23), член 18 став став 4 од Законот за основно образование („Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 250/25) и Меморандумот за соработка со Општинското училиште со ресурсен центар „Златан Стремац“ Скопје број 03-340/1 од 12.02.2026 година, советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

## ОДЛУКА

**за доделување на користење на деловен простор во Општинското основно училиште „Димитер Поп Георгиев Беровски“ за вршење на дејноста на центарот за поддршка на ученици со попреченост**

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува користење на деловниот просто во Општинското основно училиште Димитер Поп Георгиев Беровски за вршење на дејноста на центарот за поддршка на уленици со попреченост со површина од 54м2 кој се наоѓа во приземјето на училишната зграда опишан во ИЛ бр. 94950 КО Ѓорче Петров 6 Ѓорче Петров, КП број 9295 на улица Ѓуро Салај број 31, зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат приземје број 1, во сопственост на Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Деловниот простор опишан во член 1 на оваа Одлука се доделува на користење без надоместок на Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Стремац“ од Скопје, со седиште на улица „Емил Зола“ број 5, Скопје.

### Член 3

Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Стремац“ од Скопје, се обврзуба предметниот деловен простор да го користи за обезбедување на стручна поддршка без надоместок за учениците со попреченост од општинските основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров Скопје, како и поддршка за наставниот кадар и родителите.

### Член 4

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи договор за користење на деловен простор со Основното училиште со ресурсен центар „Д-р Златан Стремац“ од Скопје, со кој се регулираат меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа Одлука .

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/2**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука и поглагање на возачки испит од Б категорија**

Се објавува одлуката за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука и поглагање на возачки испит од Б категорија, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/2**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. број 05/02 и Службен весник на Р.С.М. бр.202/24), член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23) и Годишната програма за активностите на Општина Ѓорче Петров за поддршка на градоначалникот за 2026 година, број 02-2902/17 од 24.12.2025 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/25), советот на Општина Ѓорче Петров на 7-матаседница одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За субвенционирање на дел од трошоците направени за обука и поглагање на возачки испит од Б категорија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува субвенционирање на дел од трошоците направени за обука и полагање на возачки испит од Б категорија во 2026 година, за граѓани жители на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Финансиските средства за субвенционирање на дел од трошоците направени за обука и полагање на возачки испит од Б категорија во 2026 година, се планирани во годишмата Програмата за активностите на Оптшина Ѓорче Петров за поддршка на градоначалникот за 2026 година и Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, во висина од 2.300.000,00 денари.

**Член 3**

Висината на субвенцијата опшшана во член 2 од оваа Одлука изнесува 10.000.00 денари по лице.

Данокот на личниот доход за секоја исплата, паѓа на товар на Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Финансиските средства за наведената субвенција се доделуваат преку објавување на Јавен повик кој се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров.

Јавниот повик го објавува градоначалникот на општината.

**Член 5**

Право на користење на финансиските средства за субвенционирање на дел од од направените трошоци за обука и полагање на возачки испит од Б категорија ќе имаат граѓаните жители на Општина Ѓорче Петров на возраст од 18 до 25 години, со адреса на живење на територијата на Општина Ѓорче Петров и ќе ги исполнат условите предвидени со оваа Одлука и јавниот повик.

Јавниот повик трае до 30.11.2026 година, односно до исцрпување на предвидените финансиски средства.

Заинтересираните граѓани до архивата на Општина Ѓорче Петров ќе може да ги достават потребните документи утврдени во Јавниот повик, по неговото објавување.

**Член 6**

Субвенцијата ќе се доделува според принципот **„прв дојден, прв услужен“.**

**Член 7**

Советот на Општина Ѓорче Петров го овластува градоначалникот општината да може да формира комисија која ќе го изготвува јавниот повик, ги разгледува пристигнатите пријави од граѓаните и дава предлог до градоначалникот за тоа кои граѓани ги исолнуваат предвидените услови за доделување субвенција за покривање на дел од трошоците на граѓаните направени за обука и полагање на возачки испит од Б категорија.

Преку ВЕБ страната на општината, Комисијата има обврска при спроведувањето на постапката согласно динамиката на одобрување на субвенцијата, континуирано да ја известува јавноста за висината на искористување на предвидените финансиски средства, односно висината на преостанатите финансиски средства.

**Член 8**

Одлуката за избор на корисници на субвенција за дел од трошоците направени за обука и полагање на возачки испит од Б категорија, ја донесува градоначалникот на предлог на комисијата.

Комисијата ги известува кандидатите кои не ги исполнуваат условите за добивање на субвенција предвидени со јавниот повик по електронски пат и по пошта.

Против одлуката за избор е дозволен приговор, кој се доставува до комисијата, а по приговорот одлучува градоначалникот.

**Член 9**

Комисијата формирана за изготвување на јавниот повик и спроведување на постапката за избор на корисници на субвенција за дел од трошоците за обука и полагање на возачки испит за Б категорија, е должна до советот и градоначалникот на општината да достави извештај за својата работа.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 27.02.2026 година** **Претседател,**
**Скопје** **Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за објавување на јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности предвидени со годишната Програма за култура за 2026 година**

Се објавува одлуката за објавување на јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности предвидени со годишната Програма за култура за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/3**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. број 05/02 и Службен весник на Р.С.М. бр.202/24 ), член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23), и годишната Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршка на невладиниот сектор за 2026 година број 02-2902/19 од 24.12.2025 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/25), советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница, одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За објавување на јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности предвидени со годишната Програма за култура за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа одлука, советот на Општина Ѓорче Петров го овластува градоначалникот да може да објави јавен оглас за доделување на финансиски средства предвидени со буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, за реализација на активностите предвидени со годишната програма за култура за 2026 година.

**Член 2**

Јавниот оглас да се објави за следните активности предвидени во годишната програма од областа на култура:

1. Денови на Општина 2026

(Културно-уметничка програма по повод одбележување 20 септември- Ден на Општина Ѓорче Петров и Звуци на културата 2026)

2. Поддршка и партиципација на проекти од областа на културата; автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата
3. Велигденски фестивал 2026
4. Фестивал на креативноста „Креативно Ѓорче”
5. Активности за поттикнување на инклузијата преку културата под мотото „Сите сме исти”
6. Летно кино во Ѓорче
7. Духот на традицијата и старите занаети во Ѓорче
8. Ѓорче некогаш и сега
9. Театарски претстави
10. На базар во Ѓорче
11. ХИП ХОП Фестивал
12. На корзо во Ѓорче

**Член 3**

Основни критериуми за доделување на финансиските средства на здруженија на граѓани, автори, уметници и други правни и физички лица кои можат да реализираат активности предвидени во годишната програма за култура се:

-развој и унапредување на дејностите од областа на културата на територијата на Општина Ѓорче Петров како и континуитет на традиционални културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;

-континуитет во негување и афирмација на македонското културно творештво од областа на музиката, литературата и уметноста

- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност ;

-афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 30 години),

-развивање на професионалната независна културна сцена;

-изведба на едукативни работилници за деца и млади, со цел поттикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите;

-презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во Општина Ѓорче Петров и

-поттикнување и афирмирање на инклузија на лица со интелектуална попреченост во културниот и социјалниот живот во Ѓорче Петров, особено децата, а со цел на сите граѓани , пред се на лицата со интелектуална попреченост да им се овозможи да бидат дел од културниот живот во општината и со тоа и достапност на културните добра и вредности до сите граѓани;

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат здруженија од областа на културата, автори, уметници и други правни и физички лица кои се регистрирани за активности од областа на културата со седиште, односно живеалиште во Општина Ѓорче Петров.

На јавниот оглас за патувања или настапи/учество на фестивал, конкурс и слично во странство од областа на културата може да се јават само физички лица со живеалиште во Општина Ѓорче Петров (*со приложена покана, доказ за настап или сл.)

На јавниот оглас можат да учествуваат и здруженија на граѓани, автори уметници и други правни и физички лица чие што седиште, живеалиште не се наоѓа на подрачјето на Општина Ѓорче Петров ако реализацијата на културната активност се реализира на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

**Член 5**

Јавниот оглас го објавува градоначалникот на општината на веб страната на општината.

**Член 6**

Се задолжува градоначалникот да формира комисија за изготвување на јавниот оглас и спроведување на постапката за избор на здруженија на граѓани, автори, глумци, уметници и други правни и физички лица на кои ќе им бидат доделени финансиски средства за реализација на активности од годишната програма за култура за 2026 година.

Јавниот оглас ги содржи следните елементи: основите по кои се доделуваат финансиските средства, активностите кои треба да се реализираат од програмата, критериуми за доделување, право на учество, документи кои треба да се достават, рок на важење на огласот како и елементи кои се поврзани со авторски права.

**Член 7**

Одлуката за избор на корисници на финансиски средства од буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, за реализација на активности од годишната програма за култура ја донесува градоначалникот на предлог на комисијата.

Против одлуката за избор е дозволен приговор, кој се доставува до комисијата, а по приговорот одлучува градоначалникот.

**Член 8**

Со избраните корисници на финансиски средства се склучува договор со кој подетално се регулираат правата и обврските на договорните страни.

**Член 9**

Корисниците на финансиски средства се обврзуваат до крајот на календарската година да достават финансиски извештај за намената на потрошените финансиски средства.

Извештајот се доставува до градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/4**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за потпишување на Изјава од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за давање согласност за потпишување на Изјава од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за исполнетост на условите и обврските по проектна документација за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022), финансиран преку Европска Инвестициона Банка, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/4**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 05/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 202/24), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров -пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23) советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за потпишување на Изјава од градоначалникот**
**на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за потпишување на Изјава од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за исполнетост на условите и обврските по проектна документација за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022), финансиран преку Европска Инвестициона Банка.

Изјавата од став 1 на оваа Одлука за исполнетост на условите и обврските по проектната документација, е во прилог на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила на денот на објавување во (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров).

**Број 02-379/5**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување на Одлука за определување на приоритети финансирани преку Европска инвестициона банка во рамките на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Република С.Македонија

Се објавува одлуката за определување на приоритети финансирани преку Европска инвестициона банка во рамките на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/5**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 22 став (1 точка 4, член, член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоправа („Службен весник на Р.М.” бр. 05/02 и „Службен весник на Р.С.М.“ бр.202/24), член 16 став 1  и точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (“Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.8/23), а во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија по финансиски договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на Р.С.М.“ бр.203/22 ), и Договорот за заем SEPARIS бр.2018-0837, советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на приоритети финансирани преку Европска инвестициона банка во рамките на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за проритетни проекти финансирани преку Европска Инвестициона Банка во рамки на проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, склучен помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициона Банка за следните проекти:

- Изградба на фекална канализација (ул.1,4 и Шарпланинска и Волковска) за потребите на населбата во ДУП СЗ 03 (Ново Село) фаза и
- Изградба на атмосферска канализација (ул.Шарпланинска и ул.Волковска) за потребите на населбата во ДУП СЗ 03 (Ново Село) фаза I;

**Член 2**

Утврдувањето на овие приоритети е направено врз основа на приоретизација на стратешки проекти од областа на одведување на отпадни и атмосферски води во Општина Ѓорче Петров утврдени во развојните програми на Општина Ѓорче Петров, како и во ЛЕАП документот на општината.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на објавување во (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров).

**Број 02-379/6**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на договори за Грант**

Се објавува одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на договори за Грант на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/6**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 и Службен весник на Р.С.М. бр.202/24) и член 16 став 1 и точка од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст ("Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на 27.02.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант,**

согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на Р.С.М." бр. 166 /2023),

меѓу Општина Ѓорче Петров

и

Министерство за животна средина и просторно планирање

на Република Северна Македонија

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) меѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на објавување во (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров).

**Број 02-379/7**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров

Се објавува одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/7**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 22 став (1 )точка 4, член 36 став (1) точка 15 и член 50 став (1) точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/2024), член 16 став 1 и точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (“Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.8/23), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/102.2026 година, советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров**

Согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот “**Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022)** и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023)

**Член 1**

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа Одлука се дава согласност и овластување на градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Ѓорче Петров, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кој/и ќе се склучат согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166/2023), помеѓу Општина Ѓорче Петров и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените

средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Ѓорче Петров до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно со одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на објавување во (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров).

**Број 02-379/8**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 - Домување во куќи во опфатот на Општ акт за село Волково, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за донесување на Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 - Домување во куќи во опфатот на Општ акт за село Волково, Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/8**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/2025 и 127/2025), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–Пречистен текст(„Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на 27.02.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи во опфатот на Општ акт за село Волково Општина Ѓорче Петров (Одлука бр. 07-3669/10 од 27.08.2014 год.), на КП 558/2, КП 559/2 и на делови од КП 558/1 и 559/1 КО Волково, Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 - Домување во куќи во опфатот на Општ акт за село Волково Општина Ѓорче Петров (Одлука бр. 07-3669/10 од 27.08.2014 год.), на КП 558/2, КП 559/2 и на делови од КП 558/1 и 559/1 КО Волково, Општина Ѓорче Петров.

Планот за парцелација, како составен дел од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи во опфатот на Општ акт за село Волково Општина Ѓорче Петров (Одлука бр. 07-3669/10 од 27.08.2014 год.), на КП 558/2, КП 559/2 и на делови од КП 558/1 и 559/1 КО Волково, Општина Ѓорче Петров, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени со важечкиот Општ акт за село Волково, Општина Ѓорче Петров (Одлука бр. 07-3669/10 од 27.08.2014 год.), како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Со Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи во опфатот на Општ акт за село Волково Општина Ѓорче Петров (Одлука бр. 07-3669/10 од 27.08.2014 год.), на КП 558/2, КП 559/2 и на делови од КП 558/1 и 559/1 КО Волково, Општина Ѓорче Петров, се формира една градежна парцела чија што структура на сопственост обезбедува нејзина реализација согласно закон, а во сè согласно Член 63 став (1) точка 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Член 57 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25).

**Член 3**

Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи во опфатот на Општ акт за село Волково Општина Ѓорче Петров (Одлука бр. 07-3669/10 од 27.08.2014 год.), на КП 558/2, КП 559/2 и на делови од КП 558/1 и 559/1 КО Волково, Општина Ѓорче Петров, е

изработен од ИН-ПУМА ДООЕЛ Скопје со техн. бр. 129/2024 со датум на изработка од јануари 2026 год.

Планот за парцелација е со следната содржина:

- Опис и образложение на парцелацијата
- Графички дел:
  1. План за парцелација
  2. План за парцелација – синтезна карта нанесена на графички дел од важечкиот Општ акт за село Волково

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/9**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.22 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37**

Се објавува одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.22 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/9**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/2025 и 127/2025), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–Пречистен текст(„Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на 27.02.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.22 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр.08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр.08-1360/4 од 13.07.2023 год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр.02-1260/20 од 21.08.2024 год., бр.02-354/4 од 25.02.2025 год., 02-807/4 од 30.04.2025 год.; 02-807/6 од 30.04.2025 год.; 02-945/9 од 20.05.2025 год. и 02-2846/9 од 15.12.2025 год.)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.22 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр.08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр.08-1360/4 од 13.07.2023год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр.02-1260/20 од 21.08.2024 год., бр.02-354/4 од 25.02.2025 год., 02-807/4 од 30.04.2025 год.; 02-807/6 од 30.04.2025 год.; 02-945/9 од 20.05.2025 год. и 02-2846/9 од 15.12.2025 год.), изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со тех. бр. 09/26-У од февруари 2026 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10- 362/2 од 18.02.2026 год.

**Член 2**

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 16.22 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр.08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр.08-1360/4 од 13.07.2023год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр.02-1260/20 од 21.08.2024 год., бр.02-354/4 од 25.02.2025 год., 02-807/4 од 30.04.2025 год.; 02-807/6 од 30.04.2025 год.; 02-945/9 од 20.05.2025 год. и 02-2846/9 од 15.12.2025 год.), изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со тех. бр. 09/26-У од февруари 2026 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр.08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр.08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр.08-1360/4 од 13.07.2023год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр.02-1260/20 од 21.08.2024 год., бр.02-354/4 од 25.02.2025 год., 02-807/4 од 30.04.2025 год.; 02-807/6 од 30.04.2025 год.; 02-945/9 од 20.05.2025 год. и 02-2846/9 од 15.12.2025 год.),

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/10**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Ново Село, блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Ново Село, блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/10**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 31 и член 28 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/2025 и 127/2025), член 16 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров–Пречистен текст(„Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на 27.02.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Ново Село,Блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Ново Село, блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров.

Урбанистичкиот план за село во целост ги почитува Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 225/2020, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), како и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

**Член 2**

Планскиот опфат на предметното Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Ново Село, блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров е со површина од **7,14 ha**. Границата на планскиот опфат ги опфаќа во целост блоковите 2.14 и 2.16 од УПС Ново Село, Општина Ѓорче Петров и се движи како што следи:

- **на северозапад и север**: осовина на планирана улица „ 51“ (Сервисна улица СЕ-5);
- **на исток**: осовина на планирана улица „51“ (пристапна улица 23), продолжува во југоисточен правец по осовина на улица „1826“ -сервисна улица (СЕ-8) , продолжува во јужен правец по осовина на улица „1“ (станбена улица 11);
- **на југозапад**: осовина на улица „1826“ (станбена улица 12).

**Член 3**

Изменувањето и дополнување на Урбанистички план за село Ново Село, блокови 2.14 и 2.16, Општина Ѓорче Петров, е изработено во електронска форма, во постапки водени преку информацискиот систем е-Урбанизам, со основна „УПС/УПВНМ (2020)“ постапка бр. **67964** креирана на 14.01.2025 година.

Урбанистичкиот план кој се донесува е изработен од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови издадена од Министерството за транспорт и врски со бр. 0058, издадена на 25.11.2021 год., на неопределено време. Планот е со датум на изработка август 2025 год., со техн. бр. 143/24-У.

Урбанистичкиот план е со следната содржина:


1. ОПШТ ДЕЛ

1. Потврда за регистрирана дејност
2. Тековна состојба
3. Лиценца за изработување на урбанистички планови
4. Решение за назначување на планери
5. Овластувања за изработување на урбанистички планови

2. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

2.1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ........ 15
2.1.1. Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори ........ 16
2.1.2. Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој ........ 21
2.1.3. Историјат на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина ........ 23
2.1.4. Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат ........ 24
2.1.5. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат ........ 24
2.1.6. Податоци за создадени чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој ........ 27
2.1.7. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат, со аналитички осврт на состојбите од соседните плански опфати ........ 33
2.1.8. Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите на просторот ........ 34
2.2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ........ 36
2.3. ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА ........ 39

1. Ситуација со пошироко опкружување ........ 1:25000
2. Сателитска снимка ........ 1:4000
3. Постоен УПС Ново Село со нанесен плански опфат ........ 1:2500
4. Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат ........ 1:1000
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура, на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат ........ 1:1000
6. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура ........ 1:1000

3. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
3.1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ........ 40
3.1.1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански период41
3.1.2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат според границите на катастарските парцели со кои се совпаѓа, регулациони линии, оски на улици или други експлицитни линеарни симболи на геодетската подлога ........ 41
3.1.3. Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот ........ 47

3.1.4. Цели на урбанистичкиот план ........ 47
3.1.5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби ........ 48
3.1.6. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура ........ 49
3.1.6. 1. Единици на градежно земјиште ........ 51
3.1.6. 2. Класи на намени ........ 51
3.1.6. 3. Демографска анализа ........ 56
3.1.6. 4. Сообраќајно решение ........ 56
3.1.6. 5. Хидротехничка инфраструктура ........ 61
Фекална канализација ........ 66
Количини на отпадни и фекални води ........ 66
Атмосферска канализација ........ 67
Количини на атмосферски води ........ 67
3.1.6. 6. Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура ........ 68
Улично осветлување ........ 70
Телекомуникациска инфраструктура ........ 70
3.1.6. 7. Гасификација ........ 71
3.1.6. 8.Далечинско затоплување ........ 71
3.1.7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план ........ 71
3.1.8. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план ........ 84
3.1.9. Мерки за заштита ........ 93
3.1.9.1. Мерки за заштита на животната средина ........ 93
3.1.9.2. Мерки за заштита на воздухот ........ 94
3.1.9.3. Мерки за заштита на водите ........ 94
3.1.9.4. Мерки за заштита на почвата ........ 96
3.1.9.5. Мерки за заштита од бучава ........ 97
3.1.9.6. Мерки за управување со отпадот ........ 97
3.1.9.7. Мерки за заштита на биодиверзитетот ........ 97
3.1.9.8. Мерки за заштита и спасување ........ 97
3.1.9.8.1. Засолнување ........ 100
3.1.9.8.2. Заштита и спасување од поплави ........ 101

3.1.9.8.3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи ........ 101
3.1.9.8.4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ........ 103
3.1.9.8.5. Заштита и спасување од урнатини ........ 103
3.1.9.8.6. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето ........ 104
3.1.9.8.7. Спасување од сообраќајни несреќи ........ 104
3.1.9.8.8. Евакуација ........ 104
3.1.9.8.9. Згрижување на загрозеното и настраданото население ........ 104

3.1.9.8.10. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита ....... 104
3.1.9.8.11. Прва медицинска помош ....... 105
3.1.9.9. Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност ....... 105
3.1.9.10. Мерки за заштита на природното и културното наследство ....... 105
3.1.9.10.1. Мерки за заштита на природното наследство ....... 106
3.1.9.10.2. Мерки за заштита на културното наследство ....... 106

3.2. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ....... 107

3.3. ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ....... 119

1. План на намена на земјиштето и градбите ....... 1:1000
2. Регулационен план ....... 1:1000
3. Сообраќаен и нивелациски план ....... 1:1000
4. Инфраструктурен план – Хидротехничка инфраструктура ....... 1:1000
5. Инфраструктурен план – Електротехничка инфраструктура ....... 1:1000
6. Синтезен план ....... 1:1000
7. Синтезен план – Збирен графички прилог на УПС Ново Село ....... 1:1000

Податоци и информации од институции обезбедени во „ПИМ“ постапка бр. 66049 120
Мислења од институции обезбедени во „ПИМ“ постапки бр. 68533, 68719 и 73550121

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/11**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програма за поддршка на градоначалникот и одбележување на настани во Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

Се објавува одлуката за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за поддршка на градоначалникот и одбележување настани во Општина Ѓорче Петров за 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/11**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за поддршка на градоначалникот и одбележување на настани во Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за поддршка на градоначалникот и одбележување на настани во Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/12**
**од 27.02.2026 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

## ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на Програмата за поддршка на градоначалникот и одбележување на настани на Општина Ѓорче Петров**

**Скопје, февруари 2026**

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде целосна и сеопфатна слика за реализацијата на активностите планирани во Програмата за поддршка на градоначалникот и одбележување на настани на Општина Ѓорче Петров за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.
Извештајот ги опфаќа реализираните активности, времето на нивна реализација, поставените цели, постигнатите резултати, како и реализираните финансиски средства поединечно по секоја активност предвидена во програмата.
Активностите предвидени со Програмата беа насочени кон афирмација и негување на традиционалните, верските и државните празници, поттикнување на социјалната кохезија и солидарност, зајакнување на мултикултурниот соживот, како и обезбедување еднаков пристап на сите граѓани до значајни општествени настани. Преку организирањето и поддршката на овие активности, Општина Ѓорче Петров придонесе кон зачувување на културното наследство, унапредување на јавната свест и активно вклучување на младите и другите целни групи во општествениот живот.
Дополнително, во рамките на програмата беше реализиран и проектот за управување со бездомни кучиња, со цел подобрување на јавната безбедност, хуман третман на животните и создавање поквалитетни услови за живот во локалната средина.
За реализирање на активностите од Програмата за 2025 година, Општина Ѓорче Петров ги презеде сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси, обезбедувајќи навремена, транспарентна и ефективна имплементација на програмските определби.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со реализираните активности од Програмата за поддршка на градоначалникот и одбележување на настани на Општина Ѓорче Петров се унапреди општествениот и културниот живот во општината, се зајакна социјалната кохезија и се овозможи активно учество на граѓаните во одбележувањето на значајни верски, традиционални и државни празници.
Општина Ѓорче Петров обезбеди еднаков пристап до јавните настани и создаде услови за нивно непречено и достоинствено одржување, со вклучување на сите релевантни чинители – институции, образовни установи, невладини организации и граѓани.
Реализирани се активности за афирмација на традиционалните и културните вредности, негување на меѓусебната почит и толеранција, како и оддавање почит на историските личности и настани значајни за државата и локалната заедница. Настаните беа масовно посетени и придонесоа за јакнење на чувството на припадност и заедништво кај граѓаните.
Преку реализацијата на проектот за управување со бездомни кучиња се придонесе кон подобрување на јавната безбедност, намалување на бројот на бездомни кучиња на

јавните површини и унапредување на хуманиот третман на животните, што претставува значаен сегмент во креирањето безбедна и уредена локална средина.
Со реализацијата на програмата во 2025 година, Општина Ѓорче Петров ја потврди својата определба за транспарентно, одговорно и континуирано унапредување на квалитетот на живот на граѓаните.

## III. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2025 год. до 31.12.2025 година реализирани се следниве активности од Програмата за поддршка на градоначалникот и одбележување на настани на Општина Ѓорче Петров за 2025 година:

| | **ОПИС НА ПРОЕКТИТЕ И АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАСТАНИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2025 ГОДИНА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| бр. | **Име на Програма /активност** | **Спроведувач/ Носител (сектор/одделение) Проектен тим (меѓусекторски)** | **Извор на финансирање (буџет ОЃП/ програми на Влада /Донатор)** | **Временска рамка** | **Реализирани финансиски средства од Буџето** | **Планирани финансиски средства од Буџетот** |
| **1.** | Прослава на Богојавление – Водици | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности | Буџет на Општина Ѓорче Петров | 19 јануари 2025 | 70.000,00 | 70.000,00 |
| **2.** | Одбележување на Василица | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник | Буџет на Општина Ѓорче Петров | 14 јануари 2025 | 46.000,00 | 46.000,00 |
| **3.** | Прослава на Св. Трифун | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник | Буџет на Општина Ѓорче Петров | 14 февруари 2025 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| **4.** | Прослава на Св. Сава | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник | Буџет на Општина Ѓорче Петров | јануари 2025 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| **5.** | Одбележување на Денот на Ромите – 8 април | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/ | Буџет на Општина Ѓорче Петров | 8 април 2025 | | 30.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одделение за поддршка на градоначалник | | | | |
| **6.** | Ден на паднатите бранители (2001) | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник | Буџет на Општина Ѓорче Петров | Август 2025 година | 52.000,00 | 52.000,00 |
| 7. | Одбележување на државни празници | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник | Буџет на Општина Ѓорче Петров | 2025 година | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 8. | Проект за управување со бездомни кучиња. | Сектор за поддршка на градоначалник и јавни дејности/ Одделение за поддршка на градоначалник | Буџет на Општина Ѓорче Петров | јануари декември | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| 9. | **Вкупно** | | | | 2.428.000,00 | **2.458.000,00** |

| | Активност/позиција | Прехрамбени продукти и пијалоци | Други материјали | Информатичка опрема | Интернет претплата | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Средства за хигиена | Трансфер на средства до основните училишта | Други трансфери | Трансфер до НВО | Реализирани активности | Вкупно планирано по активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Прослава на Богојавление – Водици | | | | | | | | | | 70.000,00 | | 70.000,00 | 70.000,00 |
| 2 | Одбележување на Василица | | | | | | | | | | 46.000,00 | | 46.000,00 | 46.000,00 |
| 3 | Прослава на Св. Трифун | | | | | | | | | | 30.000,00 | | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 4 | Прослава на Св. Сава | | | | | | | | | | 30.000,00 | | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 5 | Одбележување на Денот на Ромите – 8 април | | | | | | | | | | | | 0.00 | 30.000,00 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Ден на паднатите бранители (2001) | | | | | | | 52.000,00 | | | | | 52.000,00 | 52.000,00 |
| 7 | Одбележување на државни празници | | | | | | | 200.000,00 | | | | | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 8 | Проект за управување со бездомни кучиња. | | | | | | | | | | 2.000.000,00 | | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| | **Вкупно** | | | | | | | **252.000,00** | | | **2.176.000,00** | | **2.428.000,00** | **2.458.000,00** |

Годишниот Извештај за реализација на програмата за поддршка на градоначалникот и одбележување на настани на Општина Ѓорче Петров за 2025 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**Градоначалник,**

**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програма на Општина Ѓорче Петров во остварување на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година**

Се објавува одлуката за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2025 година, , што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/12**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/13**
**од 27.02.2026 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# За реализација на Програма  на Општина Ѓорче Петров во остварување на социјална , детска и здравствена заштита во 2025 година

Скопје, февруари 2026 година

## I. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде целосна слика за реализација на активностите предвидени во Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров.

Согласно наведеното, Извештајот ги вклучува реализираните активности и финансиски средства поединечно за секоја категорија опфатена во Програмата.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

- Во делот на социјалната и здравствената заштита остварени се следниве активности :

### 1. Крводарителска акција

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | **Крводарителска акција во Културниот дом во Ѓорче Петров во соработка со Црвен крст на РСМ -општинска организација Карпош** |
| Главна цел | **Поттикнување на дарителството на крв. Развивање на хуманоста кај жителите и собрана крв која ке биде уптребена за спасување на човечки животи** |
| Време на релизација : | **Два пати во текот на годината** |
| Носител на активноста : | **Општина Ѓорче Петров, Црвен крст на РСМ – општинска организација Карпош и Институт за трансфузиона медицина** |
| Резултати : | **119 регистрирани дарители на крв** |
| Предвидени финансиски сретства | **50.000,00 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | **0,00 ден** |
| Вкупно останати | **0,00 ден** |

### 2.Превенција и еднакви можности во општествената ,здравствевната и социјаланата заштита на месното население и ранливите групи

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Активности во насока на промоција на здравјето,одбележување на 07 Април-Светскиот ден на здравјето, и превенција на болестите на месното население и обезбедување на средства за заштита и превенција од дискриминација на ранливите групи.Организирани систематски прегледи.Мерки и активности за зачувување и унапредување на здравјето.Спречување и рано сузбивање на болести и повреди и други нарушувања на здравјето |
| Главна цел | Намалување на ризичното однесување, навремено препознавање, регистрирање и третман на болните и нивно ставање под контрола |
| Време на релизација : | Во текот на годината |

| | |
|---|---|
| **Носител на активноста :** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати :** | Лица кои се вклучени Број на влкучени лица во активноста |
| **Предвидени финансиски сретства** | 100.000,00 ден |
| **Потрошени финансиски сретства** | **0,00 ден** |
| **Вкупно останати** | **100.000,00 ден** |

3.Транспорт на стари лица и лица со попреченост во социјален ризик.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Со услугата транспорт на стари лица и лица со попреченост се обезбедува превоз на жители на општина Ѓорче Петров кои не се во можност самостојно да обезбедат транспорт за користење на здравствена услуга.Корисници кои ќе ја користат оваа мерка се:<br>-Стари лица (над 65 години) и/или лица со телесна попреченост како и оштетено сетило за вид и слух, лице придружено со болест и неможност или потешкотии, при самостојно движење;<br>-Лице кое живее само или со семејство на социјално загрозени категории и не е во можност да го однесат во соодветната здрвствена установа врз основа на наод на стручно лице за потребата од користење на услугата за транспорт , поради здравствената состојба во која се наоѓаат, а се работи за неживотно загрозувачки ситуации. Извршени транспорти 90. |
| **Главна цел** | Зголемување на квалитетот на живеење и должината на животниот век кај старата популација и лицата со попреченост во Општина Ѓорче Петров. Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните и социјална исклученост на истите. |
| **Време на релизација :** | Планиран почеток јануари 2025 год -крај декември 2025 год |
| **Носител на активноста :** | Црвен крст на Град Скопје и Одд. за јавни дејности |
| **Резултати :** | Старите лица и лицата со попреченост во социјален ризик жители на општина Ѓорче Петров ќе имаат поквалитетно живеење со навремено извршени здравствени прегледи, услуги и рана детекција на здрвствени проблеми. Лицата со овозможен пристап до здравествена заштита ќе имаат зголемена самодоверба, ќе добиеме задоволни, здрави и среќни жители и сето тоа ќе се одрази поволно на сите жители на општина Ѓорче Петров. |
| **Предвидени финансиски сретства** | **150.000,00 ден** |
| **Потрошени финансиски сретства** | **139 200,00 ден** |
| **Вкупно останати** | **10.800 ден** |

**4. Итно копче**

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Со оваа услуга се опфатени лица над 65 год. кои живеат сами,лица кои се корисници на услугата „Помош и нега во домот" и други изнемоштени лица кои живеат сами.Услуга е достапна 24/7, лицата ќе може да побараат помош преку притискање на на само едно копче .Корисникот на алрам уредот има само обврска го притисне копчето и уредот и да почека повик од страна на операторот од контакт центарот на Итно копче.<br>**Еден корисник- 1800ден, месечно** |
| Главна цел | Овозможен пристап до здравестена заштита на стари лица кои живеат сами<br>-24/7 поддршка секогаш кога ќе се најде во состојба за која е потребна итност;<br>-Обучени и пријателски лица кои се грижат за вашата добросостојба;<br>-Прва помош и прва психолошка помош;<br>-Бесплатно одржување на уредот во случај на технички дефект;<br>-Дневна техничка поддршка на аларм-уредите;<br>-Транспорт до соодветната здраствена установа со посебни возила. |
| Време на релизација : | Во текот на годината |
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности |
| Резултати : | Број на лица кои се носители на услугата – 9 лица- |
| Предвидени финансиски сретства | **220.000 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | **153.000,00 ден**<br>Април -10 лица корисници на услугата -18.000 ден<br>Мај-11 лица корисници на услугата -19.800 ден<br>Јуни-10 лица корисници на услугата -18.000 ден<br>Јули-9 лица корисници на услугата -16.200 ден<br>Август -9 лица корисници на услугата -16.200 ден<br>Септември-9 лица корисници на услугата -16.200 ден<br>Октомври-9 лица корисници на услугата -16.200 ден<br>Ноември-9 лица корисници на услугата -16.200 ден<br>Декември-9 лица корисници на услугата -16.200 ден |
| Вкупно останати | **67.000,00 ден** |

**5.Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2025 год.**

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Доделување на еднократна финансиска поддршка во висина од 7.000 денари за семејство со новороденче во 2025 година **родено на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.** |
| Главна цел : | Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните на Општина Ѓорче Петров.<br>Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост, |
| Време на релизација : | По барање , во текот на годината |

| | |
|---|---|
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства |
| Резултати : | **Доделување на еднократана помош на новородено дете во износ од 7000 ден .** |
| Предвидени финансиски сретства : | **2.500.000,00** |
| Потрошени финансиски средтства | **2.129.000,00 ден** |
| Вкупно останати | **371.000,00 ден** |

## 6.Времено ангажирање во градинката

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Времено ангажирање на лица во градинката<br>-Негов593тели<br>-Воспитувачки |
| Главна цел | Квалитено згрижени деца во предучилишна возраст |
| Време на релизација : | Во текот на годината |
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности |
| Резултати : | Вработување на неговятелки и воспитувачки 9негувателки и 1 восп. |
| Предвидени финансиски сретства | 5.550.000,00 ден |
| Потрошени финансиски сретства | **2 .505.000,00 ден** |
| Вкупно останати | **3.045.000,00 ден** |

## 7.Еднократна парична помош

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Еднократна парична помош, на физички лица<br>во сл. категории<br>-Физички лица за кои е потребна медицинска интервенција во странство;<br>-Физички лица со малигни болести кои се во фаза на лекување;<br>-Самохрани родители со висок степен на социјален ризик;<br>-Поединци или семејства поради настаната материјална штета од пожар или поплава, во нивното живеалиште, но не како резултат на елементарна непогода;<br>-Физички лица корисници на минимална социјална помош |
| Главна цел : | Намалување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓаните и намалување на сиромаштијата и социјална исклученост на Општина Ѓорче Петров |
| Време на релизација : | По барање ,во текот на годината |

| | |
|---|---|
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства |
| Резултати : | Помош на социјално загрозени и болни лица |
| Предвидени финансиски сретства | 2.000.000,00 |
| Потрошени финансиски сретства | 1.226.000,00 ден |
| Вкупно останати | 774.000,00 ден |

## 8. Создавање на дата база на податоци на лица од социјално ранливи категории

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Мапирање и систематизирање на лицата од ранливи категории според видот и категорија и потребите |
| Главна цел : | Одредување на точен број лица од ранливи категории и нивна сиситематизација според видот на категорија и потреба |
| Време на релизација : | Во текот на годината |
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности |
| Резултати : | Формирана дата база на податоци |
| Предвидени финансиски сретства | 0,00 |
| Потрошени финансиски сретства | 0,00 ден |
| Вкупно останати | 0,00 ден |

**9. Обезбедување посебни права и ослободувања на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, жители на Општина Ѓорче Петров**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, како и нивните деца – родители на деца, се ослободени од плаќање на месечните износи на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ и износите за надоместоци на трошоци за престој во детската градинка. Тие исто така, имаат првенство на запишување на нивните деца во Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“, во однос на другите деца. Членовите на семејствата на припадниците на безбедносните сили кои се родители на деца кои престојуваат во Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“, да бидат ослободени од пропишаната обврска да плаќаат за услугите што ги дава градинката, како и за надоместокот на трошоците за престој на децата во истата; |
| **Главна цел:** | Финансиско олеснување во семејниот буџет на Членовите на семејствата на припадниците на безбедносните сили. |
| **Време на реализација** | Во текот на годината |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Искажување на благодарност кон нашите сограѓани кои учествувале во конфликот 2001 год ,зголемување на свесноста кај помладите генерации за негување на љубов кон татковината. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **2.700.000,00 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | Јануари (надоместок за 126 деца)-170.091,00 ден<br>Февруари(надоместок за 128 деца)-154.010,00 ден<br>Март(надоместок за 131 деца)-166.172,00 ден<br>Април(надоместок за 135 деца)-185.609,00 ден<br>Мај(надоместок за 136 деца)-188.948,00 ден<br>Јуни(надоместок за 137 деца)-189.091,00 ден<br>Јули(надоместок за 135 деца)-179.040,00 ден<br>Август(надоместок за 133 деца)-156.787,00 ден<br>Септември(надоместок за 117 деца)-132.323,00 ден<br>Октомври(надоместок за 131 деца)-175.947,00 ден<br>Ноември(надоместок за 133 деца)-177.388,00 ден<br>Декември(надоместок за 141 деца)-189.068,00 ден<br><br>**Вкупно 2.064.474,00** |

| | |
|---|---|
| Вкупно останати | 635.526,00 |

## 10. ОКР 2024/25 Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење-Активен проект

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Непосредни даватели на услугата помош и нега во домот се негователите. Целна група се стари лица со навршени 65 години живот со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, а живеат на територија на Општина Ѓорче Петров. |
| Главна цел | Зголемување на квалитетот на живеење и должината на животниот век кај старата популација и лицата со попречености во Општина Ѓорче Петров. Истовремено, намалувајќи ја невработеноста кај работоспособни лица во Општина Ѓорче Петров преку нивно ангажирање како негователи на стари и немоќни лица. Тоа ќе се оствари преку обезбедување на нега и грижа во домашни услови од страна на професионални сертифицирани негователи во Општина Ѓорче Петров. |
| Време на релизација : | Вкупниот период на вклученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 месеци во кој влегува обуката и работниот ангажман.Почнувајќи од месец Јули 2023 год-Март 2024 год. |
| Носител на активноста : | UNDP и Одд. за јавни дејности |
| Резултати : | -3(три)обучени негователи за обезбедување/надоплнување на здрвствено-социјални услуги на стари лица и лица со попреченост,<br>-2(два)асистент/подржувач за самостоен живот)<br>-1(еден)фасилилтатор-унапредувач на социјалниот дијалог<br>-Опслужани над 40 корисници на годишно ниво со здрвствено-социјални услуги и подржувачи за самостоен живот |
| Предвидени финансиски сретства | фин. со проект ОКР на UNDP – 246.000,00ден.<br>11.000 ден*6 лица=66 000 ден ;66 000 ден *4мес(дек.јан.феб.март)=264. 000<br>фин. од буџет општина Ѓорче Петров- 153.888,00ден.<br>(6.412 ден*6 лица=38.472 ден;38.472*4мес (дек .јан.феб.март) =153.888 ден<br>Вкупно 417.888 ден<br>**ВКУПНО:420 000,00 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | **420 000,00 ден** |
| Вкупно останати | 0 |

## 11. ОКР 2024/25 Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Непосредни даватели на услугата помош и нега во домот се негователите. Целна група се стари лица со навршени 65 години живот со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, а живеат на територија на Општина Ѓорче Петров. Планирани годишно ниво ќе се обучуваат 10 лица од Општина Ѓорче Петров. |
| Главна цел | Зголемување на квалитетот на живеење и должината на животниот век кај старата популација и лицата со попречености во Општина Ѓорче Петров. Истовремено, намалувајќи ја невработеноста кај работоспособни лица во Општина Ѓорче Петров преку нивно ангажирање како негователи на стари и немоќни лица. Тоа ќе се оствари преку обезбедување на нега и грижа во домашни услови од страна на професионални сертифицирани негователи во Општина Ѓорче Петров. |
| Време на релизација : | По одобрување на проект. Планиран почеток мај 2025,<br>Иако проектот беше предвиден со годишната програма и беа направени подготовки за негова реализација, истиот не се реализираше поради причини кои произлегоа од страна на имплементаторот. Нашата институција не учествуваше во неговата реализација. |
| Носител на активноста : | UNDP и Одд. за јавни дејности |
| Резултати : | 10 обучени негователи за помош и нега на стари лица и лица со попреченост<br>Опслужани над 300 корисници на годишно ниво за помош и нега во домот |
| Предвидени финансиски сретства | фин. со проект ОКР на UNDP – 990. 000,00ден.<br>11.000 ден*10 лица=110 000 ден;110 000 ден *9мес=990. 000 (средства кои би се обезбедиле по вклучување на договор )<br>(7 000 ден*10 лица=70.000 ден;70.000 ден*9мес =630.000 ден<br>Вкупно УНДП и ОЃП- 1.620.000 ден<br>**ВКУПНО -630.000 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | **0,00 ден** |
| Вкупно останати | **630.000 ден** |

### 12. Поддршка на луѓето во третата доба-активно стареење

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | -Унапредување на социјалните активности на старите лица во клуб домовите на Општина Ѓорче Петров со набавка на телевизори, домино,шах, табла,пикадо,фудбалски топки,баскети и слично. Организирање на спортски,културни и фолклорни случувања |
| Главна цел | -Подобрување на култруниот и социјалниот живот на старите лица во Општина Ѓорче Петров |
| Време на релизација : | Во текот на 2025 год. |
| Носител на активноста : | Општина Ѓорче Петров Одделение за јавни дејности,Здружение на пензионери на Општина Ѓорче Петров |
| Резултати : | Опремени клуб просториите по месни заедници во Општина Ѓорче Петров |
| Предвидени финансиски сретства | Средства потребни за опременување на 7 разграноци на здружениото на пензионери на територија на Општина ЃорчеПетров-**200 000 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | **0,00 ден** |
| Вкупно останати | **200.000 ден** |

### 13. Одбележување на Меѓународени денови на ралични видови попреченост.

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Организирање на средби по повод Меѓународни денови на лицата со попреченост.<br>04 Јануари -Ден на Браевата азбука<br>28 Февруари-Ден на ретките заболувања<br>21 Март-Светски ден на лицата со Даунов синдром<br>26 Март-Светски ден на лицата со Епилепсија<br>02 Април-Светски ден на лицата со Аутизам<br>07Јуни -Светски ден на лицата со Туретов синдром<br>Септември-Месец за зголемување на свесноста за лицата со оштетен слух (Глувост)<br>06 Октомври-Светски ден на лицата со Церебрална парализа<br>10 Октомври-Светски ден на лицата со<br>оштетен слух<br>(Слепило)<br>Октомври-Месец за зголемување на свесноста за АДХД<br>Октомври-Месец за зголемување на свесноста за Рет синдром<br>03Декември-Светски ден на лицата со попреченост<br>Одржување на трибина за споделување на искуства , проблеми со кои се соочуваат како и можност за нивно решавање. |
| Главна цел | Интегрирање во општествениот живот и нивна социјализација, намалување на осаменоста. Разгледување на активности кои може да ги превземе општината со цел подобрување на квлаитетот на живеењето.Разгледување на можноста за нивно вработување |
| Време на релизација : | Во текот на 2025 год. |

| | |
|---|---|
| Носител на активноста : | Одделение за јавни дејности |
| Резултати : | Поголема вклученост во социјалната интеграција |
| Предвидени финансиски сретства | **100 000 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | **0,00 ден** |
| Вкупно останати | **100 000 ден** |

## 14. Имплементација на ЛАП за вработување на Роми

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општина Ѓорче Петров заедно со Министерството за Локална самоуправа работи на проект насловен **„Локален акциски план за вработување на роми“** во проектот се вклучени активности поврзани со подобрување на состојбата на ромската заедница во општина Ѓорче Петров.<br>Лицето кое ќе биде ангажирано треба да биде од ромска национална припадност, да има минимум средно образование и основно познавање за работа на компјутер. Ќе биде вклучена и теренска работа за полесно мапирање и собирање на податоци за целната група. |
| **Главна цел:** | Подобрување на состојбата на ромската заедница во општина Ѓорче Петров |
| **Време на реализација** | Јануари2025- Декември 2025 год |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | Вработување на Роми во јавни установи,претпријатија и фирми на територијата на општината |
| **Предвидени финансиски средства:** | **122.550,00 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | 0 |
| Вкупно останати | **122.550,00 ден** |

## 15. Членарина на Црвен крст на РСМ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Обновување на годишна членарина за 2025 година за Црвен крст на вработени од Општина Ѓорче Петров, основни училишта и градинка |
| **Главна цел** | Формално зачленување во организација на Црвен крст за една година |
| **Време на релизација :** | 2025 година |
| **Носител на активноста :** | **ОЃП – (Одд за јавни дејности ) и Црвен крст** |
| **Резултати :** | **Зачленети 100-120 вработени** |
| **Предвидени финансиски сретства** | **18.000,00** |
| **Потрошени финансиски сретства** | **18.000,00 ден** |
| **Вкупно останати** | **0** |

## 16. Поддршка на советот за социјална заштита

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста** | Зголемување на обемот и квалитетот на активностите во реализиацција на советот за социјална заштита. Подобрување на капацитетите на советот за социјална заштита. Годишен паричен надоместок во износ од најмногу една просечна исплатена месечна нето плата во Р.М. за претходната година. |
| **Главна цел** | Ефиканост и ефективност на работата на ССЗ. |
| **Време на релизација** | **Во текот на годината** Редовни состаноци на месечно ниво. |
| **Носител на активноста :** | Совет за социјална заштита |
| **Резултати :** | Мотивирани членови на ССЗ кои ќе одржуваат редовни состаноци и вршат мапирање на потенцијални социјални ризици и анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги и создавње на политики за нивно надминување.<br>Број на реализирани заеднички средби. |
| **Предвидени финансиски сретства** | 14 членови на ССЗ по 20 000 ден (половина од просечна исплатена месечна нето плата за 2024 год.)<br>**280.000,00ден** |
| **Потрошени финансиски сретства** | **0,00 ден** |
| **Вкупно останати** | **280.000,00ден** |

### 17. Хуманитарни акции

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Општината организира Хуманитарни акции во текот на годината и по повод празникот на Општина Ѓорче Петров заедно со донации на локални фирми и други општествено одговорни компании. |
| Главна цел | Поддршка и помош на социјално загрозени граѓани и поттик за хуманост, човечност и меѓусебна помош на граѓаните. |
| Време на релизација | **Во текот на годината** |
| Носител на активноста : | Општина Ѓорче Петров/Одделение за јавни дејности |
| Резултати : | **Помош на социјално загрозени лица .** |
| Предвидени финансиски сретства | **60.000,00 ден** |
| Потрошени финансиски сретства | **0 ден** |
| Вкупно останати | **60.000,00 ден** |

## III. Рекапитулар за потрошени финансиски срества

За активностите од областа на социјалната заштита за период од 01.01.2025 год. до 31.12.2025 год. година од планираните 15.100.550,00 ден, потрошени се вкупно 8.654.674,00 ден

**Вкупно планирани средства:15.100.550,00 ден**
**Вкупно потрошени: 8.654.674,00 ден**
**Останати:6.445.876,00 ден**

| Ред .бр ој | Активност/позиција | Прехранбени продукти и пијалоци | Еднократна парична помош | Услуга за печатење копирање и издавање | Привремени вработувања | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Вкупно планирани по активност | Вкупно потрошенипо активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Крводарителски акции | | | 50 000,00 | | | | 50 000,00 | 0,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Превенција и еднакви можности во општествената ,здравствената и социјаланата заштита на месното население и ранливите групи | | | | | 100 000,00 ден | | 100 000,00 ден | 0,00 |
| 3 | Транспорт на стари лица и лица со попреченост во социјален ризик | | | | | 150 000 ,00ден | | 150 000,00 ден | 139.200,00 |
| 4 | Итно копче | | | | | 220 000,00 ден | | 220 000,00 ден | 153.000,00 |
| 5 | Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2025 год на терирорија на Општина Ѓорче Петров. | | 2 500 000,00 ден | | | | | 2 500 000,00 ден | 2.129.000,00 |
| 6 | Времено ангажирање во градинката | | | | 5 550 000,00 ден | | | 5 550 000,00 ден | 2.505.000,00 |
| 7 | Еднократна парична помош . | | 2 000 000,00 ден | | | | | 2 000 000,00 ден | 1.226.000,00 |
| 8 | Создавање на дата база на податоци на лица од социјално ранливи категории | | | | | | 0,00 ден | 0,00 ден | 0,00 |
| 9 | Обезбедување посебни права во градинките на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија на членовите на нивните семејства жители на | | | | | 2 700 000,00 ден | | 2 700 000,00 ден | 2.064.474,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | општина Ѓорче Петров | | | | | | | | |
| 10 | ОКР 2024/25 Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење- Активен проект | | | | | 420 000,00 ден | | 420 000,00 ден | 420 000,00 ден |
| 11 | ОКР 2025/26 Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење | | | | | 630 000,00 ден | | 630 000,00 ден | 0,00 ден |
| 12 | Поддршка на луѓето во третата доба-активно стареење | | | | | 200 000,00 ден | | 200 000,00 ден | 0,00 |
| 13 | Одбележување на Меѓународени денови на ралични видови попреченост. | | | | | 100 000,00 ден | | 100 000,00 ден | 0,00 |
| 14 | Имплементација на ЛАП за вработување на Роми | | | | | 122 550,00ден | | 122 550,00 ден | 0,00 |
| 15 | Членарина за Црвен крст на РСМ | | | | | 18 000,00ден | | 18 000,00 ден | 18 000,00ден |
| 16 | Поддршка на советот за социјална заштита | | | | | 280 000 ,00ден | | 280 000,00 ден | 0,00 |
| 17 | Хуманитарни акции | 60 000 ден | | | | | | 60 000 ,00 ден | 0,00 |
| | Вкупно по позиции | 60 000 ден | 4 500 000 ден | 50 000 ден | 5 550 000 ден | 4 940 550ден | 0 ден | 15.100. 550 ден | 8.654.67 4 ден |

Годишниот Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

Градоначалник,

Александар Стојкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2025 година

Се објавува одлуката за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на советот, одржана на ден 27.02.2026 година.

**Број 02-438/13**
**од 27.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 7-та седница одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на програмата за активностите од областа на културата и подршката на невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за реализација на програмата за активностите од областа на културата и невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-379/14**
**од 27.02.2026 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за активностите на Општина Ѓорче Петров**
**од областа на културата и поддршка на невладиниот**
**сектор за 2025 година**

**Скопје, февруари 2026 година**

## I. Вовед

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор и ги вклучува реализираните активности за периодот од 01.01.2025 г. до 31.12.2025 г.

Активностите од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор беа насочени кон негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, организирање културни манифестации и одбележување на значајни историски настани, верски и државни празници. Културните манифестации подразбираа и дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината, како и поттикнување и мотивирање за нивно учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. Преку разновидната програма за култура овозможивме како општина пред сѐ збогатување на културниот живот.

## II.Реализирани активности

Во текот на 2025 година, од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор до 31.12.2025 година реализирани се следните активности:

### 1. Мапирање на уметници и културни работници

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Тековно се дополнува списокот на уметници и културни работници кои творат или живеат на територијата на ОЃП преку активностите од областа на културата, средби, активности и настани |
| **Главна цел:** | Поддршка на уметници и културни работници преку нивно вклучување во активности од областа на културата |
| **Специфична цел** | -афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 30 години)<br>-афирмирање на реномирани уметници од Ѓорче |
| **Време на реализација** | тековно |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| **Резултати:** | Поголема соработка, подобра комуникација со уметници ,културни работници, дејци и други лица од сите области на културата.<br>Активно вклучување на уметници ,културни работници, дејци и други лица од сите области на културата кои вршат дејност на територијата на општината, како главни двигатели на културниот живот |
| **Предвидени финансиски** | 5.000 ден |
| **Потрошени финансиски средства** | 0 |

| | |
|---|---|
| Останати финансиски средства | 5.000 ден. |

**2. Денови на Општина Ѓорче Петров (*Јавен оглас)**

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | **Одбележување на Денот на општината со културно-уметничка програма**<br>-На 20 септември во претпладневните и попладневните часови беше организирана културно-уметничка програма, со повеќе настани и активности и за најмалите и за возрасните по повод денот на Општината. *Општината обезбеди еднаква застапеност на мажите и жените во сите активности<br>-Се одржа и неколкудневна културно-уметничка програма „Културно лето 2025" |
| Главна цел: | Одбележување на 20 септември, Ден на општината, заедно со граѓаните на општината; вклучување на граѓаните во одбележувањето на овој ден преку културните манифестации. Зборгатување на културниот живот, издигнување на свеста кај граѓаните за активно учество во културниот живот, издигнување на културата во општината, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција, афирмација на млади таленти , но и да се даде поттик, поддршка и шанса на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници да се вклучат во културниот живот. |
| Специфична цел | *Негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, поттик за активно учество на граѓаните, особено најмладите во културните настани на општината.<br>*Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво, поттикнување на интерес и љубов на граѓаните и најмладите кон театарот, уметноста и културата.<br>*Дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината преку културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во културни и забавни манифестации. |
| Време на реализација | август-септември |
| Носител на активноста | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
| Резултати: | Промоција на Општина Ѓорче Петров преку културните манифестации; активно вклучување на граѓаните, училиштата, вработените во одбележување на овој ден преку учество во културните настани.<br>* Подеднаква застапеност на мажите и жените од општината |
| Предвидени финансиски средства | 1.100.000,00 ден. |
| Потрошени финансиски средства | 1.100.000 ден. |
| Останати финансиски средства | 0 ден. |

**3.Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата; програмите на културно-уметничките друштва на територијата на Општина Ѓорче Петров; автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата (*Јавен оглас)**

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста: | Општина Ѓорче Петров спроведе Јавен оглас за доделување на финансиски средства за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2025<br>Во рамки на Јавниот оглас беа реализирани неколку настани и манифестации, а некои дополнително ќе се реализираат во следниот период:<br>-Виртуелни прошетки на Манастир „Св. Ѓорѓи “ Кучково и Црква „ Свети 40 маченици” с. Орман<br>- Мјузикл за деца и млади „Аладин и волшебната ламба”<br>- Концерти -Класична музика за деца „Да ни биде животот песна “<br>- издавање, промоција на детска поетска збирка „Да ни биде животот песна “<br>- Урбано Ѓорче<br>- Релации-уметнички инсталации<br>-„Врутоци на слободата и љубовта кон татковината во чест на 160 годишнината од раѓањето на Ѓорче Петров” |
| Главна цел: | Целта на овие активности е издигнување на културната свест на граѓаните, да се даде поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани и преку соработка, промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во областа на културата за создавање на одговорно општество.<br>Исто така целта на општината е успешна реализација на проектите и нивно следење и вреднување; традиционално да се негуваат културните и историските традиции, фолклорот и етнологијата на населението од општината и пошироко, како и промовирање на македонскиот фолклор и традиција. |
| Специфична цел: | -афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 30 години) кои живеат на територијата на Општина Ѓорче Петров,<br>-поддршка на програми и проекти од областа на културата што ќе се реализираат на подрачјето на Општина Ѓорче Петров |
| Време на реализација: | тековно |
| Носител на активноста: | Одделение за јавни дејности/Советник за култура |
